Приватна непрофитна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ - БАС
БИТОЛА

| Примено: 30. 12. 2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 209/1 | / | / |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ВО ПОСТОЈАН РАБОТЕН ОДНОС НА БИЗНИС АКАДЕМИЈАТА СМИЛЕВСКИ- БАС ЗА НАСТАВНАТА ОБЛАСТ МЕНАЏМЕНТ И БИЗНИС

Со одлуката за формирање на Рецензиона комисија за изготвување на реферат и оценка за избор на наставници во наставно звање на Бизнис академијата Смилевски – БАС определени сме за членови на Рецензионата комисија за избор на наставник во постојан работен однос во наставната област Менаџмент и бизнис.

Со одлуката бр. 02-157/17 од 19.11.2025 од Наставничкиот совет ги добивме и следниве документи: 1) пријава по конкурс, мотивационо писмо, CV, дипломи за завршен втор и трет циклус на студии, копии од објавени трудови, сертификати; 2) извод од законот за високото образование во делот што се однесува за избор на наставници и соработници за високите стручни школи и 3) студиските програми од наставнатата област.

По проучувањето на споменатите документи, Рецензионата комисија, во состав: проф. д-р Тони Соклевски, професор на Бизнис академија Смилевски- БАС, виш. пред м-р Иван Ѓорѓиевски, виш предавач на Бизнис академија Смилевски-БАС и проф. д-р Маја Кузмановска, професор на Бизнис академија Смилевски-БАС,Скопје, има чест на Наставничкиот совет да му го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. Преглед на пријавените кандидати

На конкурсот за наставници на БАС објавен во дневниот весник во Нова Македонија и Лајме и на ден 05.11.2025 година за избор на наставник во наставната област Менаџмент и бизнис се пријави вкупно 1 (еден) кандидат:

1. ***Д-р Сузана Пецаковска***

Кандидатот како подобен за избор во звање и кој претходно ја има успешно поминато хабилитационата постапка, комисијата во продолжение ги прикажува и оценува неговите остварувања:

**А) Образовен развој**

Кандидатот Сузана Пецаковска е родена 10.09.1969 година во Битола. Додипломските студии по македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик ги заврши на Филолошкиот факултет, УКИМ, Скопје со среден просек од 8,25 додека магистерски студии по јавна политика и менаџмент на Универзитетот во Питсбург, САД со просек 3.75 од максимум 4. Овој универзитет е на листата на првите 100 најдобро рангирани светски универзитети на Шангајската листа и тоа преставува и дополнителна вредност за БАС во процесот на идните национални рангирања на универзитетите во државата. Докторските студии по менаџмент на образование ги завршила на Институтот за педагогија, Филозофскиот факултет, УКИМ, Скопје со успешна одбрана на докторската дисертација на тема: Креирање на концепт за обезбедување квалитет во високото образование во Република Македонија во 2015 година.

Во нејзината триесетгодишна кариера посетувала многу семинари, конгреси, обуки од областа на менаџментот и образовните политики организирани од реномирани странски универзитети и меѓународни организации (UNESCO, Центарот за високообразовни политики при Универзитетот во Твенте, Холандија, Универзитетот во Љубљана итн.). Дизајнирала и имплементирала голем број проекти кои адресираат различни аспекти во областа на образованието. Нејзината директна работа со ученици, студенти и наставници ќе и помогнат да се здобие со соодветно искуство како предавач и фасилитатор. Автор и ко-автор е на голем број академски трудови, анализи, извештаи и истражувања. Дел од нив се презентирани на домашни и меѓународни конференции и/или објавени во зборници и меѓународни списанија.

**Б) Кариерен развој**

Професионалната кариера на д-р Сузана Пецаковска се карактеризира со континуитет, високо ниво на одговорност и управувачки функции во областа на образованието и јавните политики.

Во периодот од 1996 до 2022 година била ангажирана во Фондација Отворено општество – Македонија, каде извршувала повеќе високи функции, меѓу кои: координатор на образовни и младински програми, координатор за високо образование, координатор за Ромската образовна програма, како и офицер за мониторинг и евалуација. Во рамки на овие позиции била одговорна за стратешко планирање, управување со програми и проекти, истражувачка и аналитичка работа, застапување на јавни политики и управување со грантови.

Од 2023 година е ангажирана како Проектен менаџер во Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, каде раководи со ЕУ финансиран проект насочен кон унапредување на правата на децата, демократска училишна култура, дигитална безбедност и активно учество на учениците.

Нејзиното професионално искуство опфаќа директна соработка со образовни институции, наставници, студенти, креатори на политики и меѓународни партнери, што претставува солидна основа за висококвалитетна наставна и стручна работа.

**В) Авторски остварувања:**

- **Книги / монографии**

- Пецаковска, Сузана. *Како до култура на квалитет во македонското високо образование?* Скопје: Сигмапрес, 2020, 284 стр. ISBN 978-9989-36-224-8.
- Pecakovska, Suzana. *How to Achieve Quality Culture in Macedonian Higher Education?* Skopje: Sigmapres, 2020, 284 стр. ISBN 978-9989-36-224-8.

- **Трудови во меѓународни и домашни научни списанија и зборници**

- Pecakovska, Suzana. (2025). *Improving Education Quality: the use of EUA evaluation reports by the Macedonian state universities.* 6th International Scientific Conference *Education Across Borders*, UKLO, Bitola (презентиран труд).
- Pecakovska, Suzana; Mojsoska, Snezana; Tosheva, Elizabeta. (2024). *Macedonian Higher Education against the Principles and Guidelines on Equity, Inclusion and Diversity: Social Dimension of Bologna.* UKLO Proceedings, 1(1), 129–136.
- Markovska Spasenovska, Elizabeta; Gajtanovski, Tomislav; Pecakovska, Suzana; Anđeleska, Natasha; Bajramovska Mustafa, Vaska. (2023). *Children's rights in our schools: Research on awareness of the Convention on the Rights of the Child, student participation and digital safety in primary schools in the Republic of Macedonia.* Skopje: Foundation Step by Step. ISBN 978-608-4857-94-5.
- Spasovski, Ognen; Pecakovska, Suzana. (2020). *The academic profession in North Macedonia: A never-ending transition.* European Journal of Education, 55(4), Wiley.
- Misik, Elena; Dzajkovska, Branka; Kirandziska, Suzana; Pecakovska, Suzana; Angjeleska, Natasa; Lazarevska, Spomenka. (2020). *Study to assess the situation, needs and challenges in the implementation of online teaching in primary schools in rural area.* Skopje: FOSM & Step by Step. ISBN 978-608-218-301-5; 978-608-4857-65-5.
- Pecakovska, Suzana. (2019).*The Curse of the Small Countries: Trends, Challenges and Perspectives in the Development of a Macedonian Higher Education Quality Assurance. In Search of Excellence in Higher Education*, Corvinus University of Budapest.
- Pecakovska, Suzana. (2018). *How to move towards ENQA membership? Macedonian quality assurance agency against ENQA ESG. International Journal for Education, Research and Training*, Vol. 4(1).
- Pecakovska, Suzana. (2016). *At a standstill: Macedonian Higher Education Institutions against ENQA ESG.* ICSSH 2016 Conference, International Balkan University.
- Pecakovska, Suzana. (2015). *Pros and Cons Ranking of Universities as new phenomena in Quality Assurance of Macedonian Higher Education. International Journal for Education, Research and Training.*

- Pecakovska, Suzana. (2015).*Creating a concept for quality assurance of higher education: Macedonian higher education against ENQA ESG.* (необјавена докторска дисертација).
- Pecakovska, Suzana; Lazarevska, Spomenka. (2009).*Long way to knowledge-based society.* Skopje: FOSIM. ISBN 978-9989-185-96-0.
- Pecakovska, Suzana; Lazarevska, Spomenka. (2009).*Difference the Mentoring Can Make – School Based Mentoring of Roma students.*BASOPED Proceedings.
- Pecakovska, Suzana; Lazarevska, Spomenka. (2008). *Supporting Inclusive Education – Roma Education Program as Inclusive Practice.* UNESCO Conference, Geneva.

➢ **Уредништва и прирачници**

- Anđeleska, Natasha (ed.); Pecakovska, Suzana (ed.). (2024). *Teachers manual on UNCRC, student participation, violence prevention and digital security.*Foundation Step by Step.
- Pecakovska, Suzana (ed.); Lazarevska, Spomenka (ed.). (2016). *Roma activists for informed and efficient Roma integration policies.*Skopje: FOSM. ISBN 978-608-218-233-9.
- Pecakovska, Suzana (ed.); Lazarevska, Spomenka (ed.). (2014).*Roma Education Program – 10 years later.* Skopje: FOSM. ISBN 978-608-218-199-8.

➢ **Сертификати, обуки и професионално усовршување**

➢ SEMOS Human Resource Academy, сертифицирана од МОН – 9 модули
➢ CEU Summer University – *The Quality of University Education* (1 ECTS)
➢ Education Policy Training Program, University of Ljubljana – 31 ECTS
➢ Summer School on Management in Education, University of Koper – 8 ECTS

➢ Меѓународни и национални обуки, семинари и конференции

- ISSA Connects for Learning Conference, Opatija, 2023
- OECD Conference *Digital Education for a Strong Recovery*, 2021
- World Bank Conference – Roma Exclusion, 2019
- Regional Conferences on Early School Leaving, Roma Inclusion, ECD (2012–2013)
- ETF Conference – Social Inclusion, 2008
- International Conference on University Autonomy, Oslo, 2003
- Summer School on European Higher Education Policy, University of Twente, 2006
- OSI / CEU Policy Making Training, Budapest, 2000
- Training of Trainers in Mentoring, USAID / World Learning
- EU IPA Instruments Training
- Public Speaking, Evaluation of Education Projects, Facilitative Leadership, Project & Grant Management (1998–2015)

➢ **Експертски ангажмани**

- Национален Eurydice експерт (2018–2022)
- Ко-автор на ETF Report on Macedonian Education Policy
- Учество во OECD, WB, EU процеси.

## *II. Заклучок и предлог на Рецензионата комисија*

Комисијата комплетно ги разгледа документите и доказите за образовниот и кариерниот развој и авторските остварувања на кандидатката Сузана Пецаковска.

Кандидатот ги задоволува критериумите за избор на предавач на Висока стручна школа и тоа: има завршено втор и трет циклус на академски студии во областа на менаџмент, покажува способност за наставна и високостручна работа што се потврдува и од реализираната позитивна хабилитациона постапка.

Во нејзината триесетгодишна кариера посетувала многу семинари, конгреси, обуки од областа на менаџментот и образовните политики организирани од реномирани странски универзитети и меѓународни организации. Дизајнирала и имплементирала голем број проекти кои адресираат различни аспекти во областа на образованието. Автор и ко-автор е на голем број академски и стручни трудови, анализи, извештаи и истражувања. Дел од нив се презентирани на домашни и меѓународни конференции и истите се објавени во зборници и меѓународни списанија.

Врз основа на сите овие достигнувања Рецензионата комисија му предлага на Наставничкиот совет на Бизнис академија Смилевски, **д-р Сузана Пецаковска** да ја избере во постојан работен однос во наставното звање **предавач на висока стручна школа** за наставната област **Менаџмент и бизнис**.

**РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Тони Соклевски
2. Виш пред. м-р Иван Ѓорѓиевски
3. Проф. д-р Маја Кузмановска